**20080931718**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за трговија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 16/2004, 128/2006 и 63/2007), министерот за економија донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МИНИМАЛНО-ТЕХНИЧКИТЕ УСЛОВИ ЗА ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИ И ПРОСТОРИИ ВО КОИ СЕ ВРШИ ТРГОВИЈА

Член 1

Во Правилникот за минимално-техничките услови за деловните простори и простории во кои се врши трговија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/04, 54/04,79/04 и 70/07), во членот 19 став 1 во алинеја 2 по зборовите: "течни горива" се додаваат зборовите "со кои врши промет".

Во алинеја 3 по зборот "меурчиња" се додаваат зборовите "за апаратите кои поседуваат контролно стакло".

Член 2

Членот 22 се менува и гласи:

"Член 22

Увозникот на нафтени деривати кој врши увоз за сопствените бензински станици, без разлика дали истите се наменети за трговија на мало или за интерна употреба, покрај општите услови пропишани со овој правилник, треба да ги исполнува и условите од член 19 на овој правилник, при што минималната зафатнина на резервоарите треба да биде 10 м3 за течен нафтен гас (ТНГ), односно 20м3 по дериват за останатите деривати.

Увозникот на нафтени деривати кој врши и трговија на големо со нафтени деривати, покрај општите услови пропишани со овој правилник, треба да располага и со посебен склад.

Складот од став 2 на овој член треба да ги исполнува следните услови:

1) минимална зафатнина на резервоарот да е 50 м3 за течен нафтен гас (ТНГ), односно 100м3 по дериват за останатите деривати

2) резервоарите да бидат на едно место оградени со ограда и влез и излез и да не бидат поврзани со бензинската станица.

Вршителот на дејност складирање на нафта и нафтени деривати, покрај општите услови пропишани со овој правилник, треба да располага и со посебен склад кој треба да ги исполнува следните услови:

1) минимална зафатнина на резервоарот да е 200 м3 за течен нафтен гас (ТНГ), односно 1000м3 по дериват за останатите деривати

2) резервоарите да бидат на едно место оградени со ограда и влез и излез и да не бидат поврзани со бензинската станица

3) да има вага со неавтоматско функционирање од класата на точност (III) за прием на нафтени деривати.

Складовите од ставовите 2, 3 и 4 на овој член треба да ги исполнуваат техничките прописи за складирањето и преточувањето на горивото утврдени со закон или друг пропис."

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-617/26
15 јули 2008 година
Скопје

Министер,
**Вера Рафајловска,** с.р.